Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 35, 15 февруари 2010 година

февруари 2010 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *интерна медицина* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ................ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *радиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .................................... 23

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *протетика* на студиска програма на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .................... 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *офталмологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .................................................................. 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *медицинска генетика и хистологија со ембриологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............. 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *фармакоинформатика* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .......... 51

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *трансфузиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............. 55

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *офталмологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип..................................................................... 58

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област *геофизика* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........................................................................................................ 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАДИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип донесе Одлука бр. 2502-112/7 од 19. 11. 2009 год. за распишување на Конкурс за избор во ***асистент (специјалист)*** за научната област ***радиологија*** на Факултетот за медицински науки. На 16. 12. 2009 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-118/45 и Решение бр. 2502-118/71, претседател, 2502-118/72 член и 2502-118/73 член, за формирање на Рецензентска комисија за избор во наставно звање асистент специјалист за научната област *радиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во следниов состав:

1. проф. д-р Василчо Спиров, вонреден професор, вработен на Клиника за радиологија - Скопје, претседател;
2. проф. д-р Никола Силјаноски, редовен професор, вработен на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, член;
3. проф. д-р Глигор Џолев, редовен професор во пензија, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм", на 25.11.2009 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен на 25.11.2009 година, за избор на асистент-специјалист на Факултетот за медицински науки се пријавија тројца кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Лидија Велјановска** е родена на 18 јуни 1972 год. во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Се запишува на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 1991-1997 год.

***Професионална ориентација и работно искуство***

- Октомври 1998 година, работи како општ лекар во приватна поликлиника и една година во Воената бопница во Скопје.
- Февруари 2000 - април 2004 година се запишува на специјализација по радиологија Институт за радиологија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
- Април 2002 - ноември 2007 година работи во Институтот за радиологија и онколошки клинички центар во Скопје, како радиолог.
- Декември 2007 година работи во Специјалната болница по кардиохирургија „Филип II" - Скопје, како радиолог.
- Член е на Лекарската комора на Македонија и на Македонска асоцијација на радиолози.

***Список на трудови***

1. Most common lesions of the breast in younger women (20-30) years **Veljanovska. L,** Antevska-Grujoska.S Third Macedonian Congress of Radiology with international participation, June 2002 Ohrid, Macedonia, Book of Abstracts

2. MRI of Osteochondritis dissecans tali **Veljanovska.L,** Trajkovski. Z,Mihajlovski. D Third Macedonian Congress of Radiology with international participation, June 2002 Ohrid, Macedonia, Book of Abstracts
3. Paget's disease of the breast **Veljanovska.L,** Antevska –Grujoska.SBalkan Radiology Forum October 2003 Herceg Novi, Montenegro,Book of Abstracts
4. Ultrasound detection of breast cancer, local recurrences at mastectomy site **Veljanovska. L,** Antevska-Grujoska.S Balkan Society of Radiology Ohrid, Macedonia, September 2004, Book of Abstracts
5. Subjective differences in defining gross tumor volume using spiral computed tomography and 3D treatment planning software in patients with NON-SMALL-CELL Lung cancer Stojkovski.I, **Veljanovska.L,** Stojkovska. E, Atanasov.Z 11th World Conference on Lung cancer July 2005 Barcelona, Spain. Book of Abstracts
6. RECIST criteria for radiological evaluation of response to treatment in solid tumors **L.Veljanovska,** S.Smickoska,O.Arsovski,I.Stojkovski Institute of Radiotherapy & Oncology,Clinical Center-Skopje-Macedonia 3rd Congress of Balkan Radiology October 8-11 2005 Ohrid Macedonia
7. The Annals of Thoracic Surgery MS ID# ATS/2008/197921 TITLE: Aorto-bilateral-femoral-bilateral-popliteal bypass for Leriche syndrome with occlusion of both superficial femoral arteries received, 11.2008
8. Assessment of Grafts and Coronary Arteries with (64-slice) CT Angiography after Coronary Artery Bypass Surgery - our experiences November 2008 Vrnjacka Spa, Serbia, BCR Veljanovska L. Sokolov V. Milev I. Idrizi S. Mitrev Z
9. DeBekay repair for type III thoracoabdominal aortic aneurysm,TOC Category:Vascular thoracic, Images in Cardio-Thoracic Surgery (received: January 23, 2009)
10. Long-term patency and functional recovery after implantation of coronary artery bypass grafts distally from implanted coronary stents: 64 multislice computed tomography coronary angiography study, Munich 2008
11. Diagnostic accuracy of coronary angiography with 64-slice MSCT in asymptomatic patients prior to non coronary vascular operations in comparison with conventional angiography - our experiences, October 2009, Leipzig Germany ESCR **L. Veljanovska**, Z. Atanasov, B. Bozinovska, S. Idrizi, V. Ampova, I. Milev, Z. Mitrev.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Елизабета Џидрова** е родена на 25 јули 1962 година во Штип. Основно и средно образование (гимназија) завршува во Штип. Медицински факултет завршува на 23 јуни 1988 година.

***Професионална ориентација и работно искуство***

Од 1999 година работи во Медицински центар во Штип, во Службата за медицина на трудот. Во 2000 година заминува на специјализација по специјалноста радиодијагностика. Од 3 мај 2004 година работи како специјалист по радиодијагностика во ЈЗУ Клиничка болница во Штип.

***Учество на стручни конгреси и симпозиуми***

Учествува на бројни конгреси, симпозиуми и семинари во земјава и во странство. Член е на Здружението на лекари на Македонија и Лекарската комора на Македонија. Носител е на благодарница, диплома и плакета од Здружението на лекарите на Македонија. Член е на Здружението на радиолози на Македонија.

***Список на објавени стручни трудови***

1. **Е.Џидрова**, С.Иванов, Артериска хипертензија кај пациент од матична амбуланта по медицина на трудот**.** Прв конгрес на лекарите на Македонија, Охрид.
2. **Џидрова Е**., Гацова С., Гацова М., Багашова С. Приказ на случај на дете со вирусен миокардитис во склоп на прележана вирусна интерстицијална пневмонија**.** 4 Конгрес

на педијатрите на Македонија со интернационално учество, 18-22 септември 2007, Охрид.

3. **Цидрова Елизабета**, Багашова С., Гацова С., Алексова Н. Приказ на случај со хипертрофична стеноза на пилорусот. 4 Конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, 18-22 септември 2007, Охрид.
4. **Цидрова Елизабета**, Севда Гацова**:** Гинекомастија. Медикус, 2008.
5. С. Гацова, **Е. Цидрова:** Вкрстена ектопија на бубрег со фузија-приказ на случај. Петти конгрес на радиолози на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 20-23 септември 2009.
6. Багашова С., Гацова С., **Цидрова Е.:** Остеополкилија**.** Петти конгрес на радиолози на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 20-23 септември 2009.
7. М. Гацова, **Е. Цидрова**: Радиолошка слика на вродени аномалии на **'**рбетниот столб и ребрата **-** приказ на случај**.** Петти конгрес на радиолози на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 20-23 септември 2009.
8. Н. Атанасова, **Е. Цидрова**: Приказ на случај на солитарна циста на максиларниот синус**.** Петти конгрес на радиолози на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 20-23 септември 2009.
9. **Е. Цидрова**, С. Гацова, Н. Алексова, С. Багажова: Приказ на случај со стеноза на пу сегмент-хидронефроза. Петти конгрес на радиолози на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 20-23 септември 2009.
10. **Е. Цидрова**, В. Трајкова: Радиолошка и имиџинг дијагностика на тумори во орбита. Втор македонски конгрес на офталмолозите со меѓународно учество, Охрид, 7-10 октомври 2009.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Атанас Доревски** е роден на 1 декември 1979 година во Скопје. Основно и средно училиште завршува во Скопје. Медицински факултет завршува во Скопје, на 2 ноември 2004 година. Моментално специјализира радиологија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатите д-р Елизабета Цидрова и д-р Лидија Вељановска ги исполнуваат сите законски критериуми за избор на асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, а кандидатот д-р Атанас Дорески не ги исполнува условите предвидени според Конкурсот.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатката д-р Елизабета Цидрова да се избери во асистент-специјалист за научната област *радиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Василчо Спиров, претседател, с.р.**
**Проф д-р Никола Силјановски, член, с.р.**
**Проф. д-р Глигор Џолев, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Елизабета Џидрова**

| Вид на активност | | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно - образовна** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта за вежби | | | |
| **Научноистражувачка** | | | | |
| 1. | Прегледен труд објавен во научно списание опфатено со СЦИ | | | |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено со СЦИ | 1 | 9 | 9 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | 7 | 1 | 7 |
| 4. | Учество на научен собир со реферат – постер во странство | 6 | 1,5 | 9 |
| | **Вкупно** | | | **25** |